# Краток приказ на активноста

# Хоризонтална програма за Западен Балкан и Турција II

# Проект против економски криминал во Република Северна Македонија

# (HFII-AEC-MKD)

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | Проект против економски криминал во Република Северна Македонија (HFII-AEC-MKD) |
| Земја | Република Северна Македонија |
| Буџет | €775,000 |
| Финансиран од | Европска унија / Совет на Европа |
| Имплементација | Оддел за економски криминал и соработка, ГД I, Совет на Европа |
| Траење | 36 месеци |

## I. Вовед

Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција (во понатамошниот текст: Хоризонтална програма фаза II или ХП II) е иницијатива за соработка на Европската унија и Советот на Европа за Југоисточна Европа. Првата фаза на Хоризонталната програма беше од мај 2016 до мај 2019 година, за потоа да биде наследена од Хоризонталната програма фаза II, која ќе се имплементира од мај 2019 до мај 2022 година. Втората фаза од Хоризонталната програма ќе продолжи да се гради на Изјавата за намери потпишана на април 1, 2014 година од страна на Генералниот Секретар на Советот на Европа и Комесарот за проширување и европска добрососедска политика на Европската унија, каде двете организации се согласија за дополнително зајакнување на меѓусебната соработка во клучните полиња од заеднички интерес.

Хоризонталната програма ги вклучува Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција. Меѓу корисниците и партнерите вклучени се владини тела на сите нивоа, посебно специјализирани структури во рамките на Министерствата за правда, внатрешни работи, финансии; анти-корупциски тела; правни и обвинителски услуги; тела за надзор; Единици за финансиско разузнавање (ЕФР), и претставници на граѓанскиот сектор.

## II. Проект во Република Северна Македонија

Проектот против економски криминал во Република Северна Македонија (HFII - AEC-MKD) има за цел да ја зголеми довербата на владеењето на правото и демократијата во Северна Македонија преку зајакнување на анти-корупцијата и режимите против перење пари и борба против финансирањето тероризам.

Горенаведената севкупна цел ќе се постигне преку активности кои ќе целат кон:

1. Подобрување на правната и оперативната рамка за превенција и борба против корупцијата;
2. Зајакнување на Рамката за поврат на имот

* Оваа ознака е без предрасуди кој мислењата за статусот, и е во согласност со UNSC 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.

Funded by the European Union and the Council of Europe
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Implemented by the Council of Europe

3. Зајакнување на СПП/ФТ механизмите за превенција

## III. Цели и исходи на Проектот

Севкупната цел на проектот е да придонесе кон зголемување на довербата во владеењето на правото и демократијата во Република Северна Македонија.

Конкретните цели на проектот се:

| | | |
|---|---|---|
| Превенција и борба против корупција | **Индиректен исход 1** | **Подобрена правна и оперативна рамка за превенција и борба против корупција** |
| | Директен исход 1 | Ефикасна имплементација и следење на рамката за заштита на укажувачите. |
| | Директен исход 2 | Зајакнати институционални и аналитички капацитети на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) (во смисла и на квантитет и на квалитет). |
| | Директен исход 3 | Зајакнати капацитети за мониторинг на (ДКСК) врз имплементацијата на финансирањето политички партии и изборни кампањи. |
| Поврат на имот | **Индиректен исход 2** | **Зајакнување на рамката за поврат на имот** |
| | Директен исход 1 | Градење капацитети и институции за зајакнување на правото и секторот(секторите) за кривично право. |
| | Директен исход 2 | Подобрена правна рамка за режим(и) за поврат на имот |
| Механизми за спречување на перење пари и финансирање тероризам | **Индиректен исход 3** | **Зајакнување на СПП/ФТ механизмите за превенција** |
| | Директен исход 1 | СПП/ФТ Регулатива во согласност со наодите од Националната проценка на ризик и новите меѓународни стандарди. |
| | Директен исход 2 | Зајакнати аналитички капацитети на Канцеларијата за финансиско разузнавање. |
| | Директен исход 3 | Каскадни обуки за усогласеност со СПП/ФТ за СПП/ФТ супервизори |
| | Директен исход 4 | Изработка на методологија за надзор на ризикот на финансискиот и нефинансискиот сектор. |
| | Директен исход 5 | Зајакнување на имплементацијата на таргетирани финансиски санкции |
| | Директен исход 6 | Воведување оперативни капацитети за режимот на санкционирање на Финансирањето тероризам и пролиферација |
| | Директен исход 7 | Воведен Регистар за краен сопственик |

## IV. Имплементација

Како клучна улога во оваа тематска област, Одделот за економски криминал и соработка (ОЕКС) при Советот на Европа е одговорен за имплементација на активностите во рамки на HF II-AEC-MKD.

Дополнително, врз основа на потребите на проектот и начините на интервенирање Советот на Европа ќе ангажира одреден број на меѓународни консултанти за долгорочна и краткорочна соработка и локални консултанти/експерти, даватели на услуги и добавувачи, со цел да се обезбеди соодветна имплементација на проектот.

Проектен офицер е вработен во Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје. Таа работи директно со корисниците и е под надзор на Програмскиот координатор и Проектниот менаџерот од Хоризонталната програма во Стразбур, во Одделот за економски криминал и соработка.

## V. Контакти


| | |
|---|---|
| **Оддел за економски криминал и соработка**<br>Информатичко општество и проект против криминал Директорат<br>Генерален директорат за човекови права и владеење на правото, DGI Совет на Европа<br>F-67075, Стразбур, Цедекс<br>Франција<br><br>www.coe.int/econcrime<br>www.coe.int/HF-II-AEC | Евгени Евгениев<br>Администратор<br>Тел: +33 (0)3 88 41 25 11<br>Evgeni.EVGENIEV@coe.int<br><br>Јоана Каши<br>Координатор на проект<br>Тел: +33 (0)3 88 41 36 55<br>Joana.KASHI@coe.int<br><br>Илина Гаревска<br>Виш локален раководител на проектот<br>Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје<br>Бизнис центар Соравија<br>Филип Втори Македонски,бр. 3<br>1000 Скопје<br>Тел: +389 2 3100 328<br>Ilina.Garevska@coe.int<br><br>Маја Костова<br>Проектен асистент<br>Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје<br>Бизнис центар Соравија<br>Филип Втори Македонски,бр. 3<br>1000 Скопје<br>Тел: +389 2 3100 324<br>Maja.Kostova@coe.int |


Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe